**20141414379**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 6/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011 26/2012 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014 и 113/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 18 август 2014 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЛАБОРАТОРИСКИТЕ ИСПИТУВАЊА ВО СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ПО УПАТ НА ИЗБРАН ЛЕКАР**

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќање на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар („Службен весник на Република Македонија“ број 10/2002, 17/2002, 137/2006, 41/2007, 62/2007, 86/2007, 37/2008, 147/2009, 158/2009, 2/2010, 147/2010, 171/2010, 95/2011, 158/2011, 104/2012 и 34/2014), во членот 2 став 1 во поднасловот III „Основни биохемиски испитувања“ по точката 8 се додава нова точка 9 која гласи:

„9. хормонски статус – ТСХ (тиреостимулирачки хормон).“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 ноември 2014 година.

Бр. 02-14395/2
29 август 2014 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.